Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за активностите на Општина Кисела Вода за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за активностите на Општина Кисела Вода за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра за 2024 година, донесена на Триесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-308/5
12.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 4, став 1 и 2 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 39/12, 41/14 и 106/16), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и третата пленарна седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Кисела Вода за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра за 2024 година**

**СОДРЖИНА**

1.Вовед
2.Развојни приоритети и цели
3.План на активности
4.Динамика на извршување на активностите во програмата
5.Преодни и завршни одредби

**1.Вовед**

**„Природни непогоди“** се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителен свет и културното наследство.

**„Други несреќи“** се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства при производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи

течности и гасови, како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер.

Активностите и програмите кои ќе бидат спроведени во 2024 година ќе бидат насочени согласно законите и подзаконските акти и прописи, а се во интерес на граѓаните на Општина Кисела Вода во остварување на нивните права, обврски, како и нивна заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Според законските одредби Општина Кисела Вода во 2024 година овие активности ќе ги остварува, насочува и кординира преку Секторот за човечки ресурси кој ќе ги организира, реализира и по потреба ќе соработува со :

- Општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Универзалната единица за заштита и спасување;
- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на општина Кисела Вода;

- Територијална противпожарна единица која дејствува на целата територија на општината;
- Доброволните противпожарни друштва, општинскиот противпожарен сојуз и други субјекти и институции зависно од видот на активноста што ќе се реализира.

**2.Развојни приоритети и цели**

Општина Кисела Вода настојува да одржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден просперитет на своите граѓани

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, пожари во населените места, во шуми, отворени простори, собраќајни несреќи и други опасности,
- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мирновремени, вонредни, воени и други состојби,
- Создавање услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштитата и спасувањето на луѓето и матријалните добра,
- Обезбедување на услови за навремено известување за опасноста, откривање и елементирање на причините за настанувањето и ублажување, локализирање и елиминирање на опасноста,
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координација на силите за заштита и спасување за справување со опасностите со кои ќе биде зафатена општината.

**3. План на активности**

| Бр | Планирана активност | Период на реализација | Планирани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на пумпи за испумпување на нечиста вода од поплавени простории и места:<br>- 4 пумпи; | април | 370 000 денари |
| 2 | Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати, хидрантска мрежа, електричната инсталација и громобранската инсталација. | По потреба | 80 000 денари |
| 3 | Ажурирање на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на територијата на ОКВ | Во тек нагодината | 50 000 денари |
| | ВКУПНО | | 500 000 денари |

**Вкупно: 500 000 денари.**

**4.Динамика на извршување на активностите во програмата**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**5.Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за човечки ресурси.

Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи  и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и Градоначалникот на

Општина Кисела Вода ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и придонесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 09-11002/7
27 декември 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.